**УНИВЕРЗИТЕТ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ**
**ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА**

# *ЕРГОНОМСКИ МЕРКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ЗАШТИТА НА ДОКТОРИТЕ ПО ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА*

Во текот на професионалниот ангажман, денталниот персонал е перманентно изложен на физички оптеретувања, кои се резултат на неправилното држење на телото, или одредени делови од него, потоа повторувачките движења, вибрациите од механичките инструменти, звучните оптеретувања, изложеност на аеросолни капки и партикли, ограничувачките можности во видното поле и уште многу други фактори кои поединечно или интегрирано го афектираат мускулно-скелетниот комплекс и целиот организам воопшто.

Со цел да се избегнат во колку е возможно, а ако не, да се минимизираат ваквите аномалии, со кои би се превенирало и заштитило здравјето на денталните професионалци, во предавањето ќе бидат презентирани најчестите фактори кои предизвикуваат мускулно скелетни промени, а понатаму и ергономските мерки и препораки, преку кое би се подобрил и продолжил работниот век и квалитетот на живот на оваа експонирана популација.